Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги
БЕОС-КОМПАНИ БТС ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 01/122
14-03-2022 год.
с. Палатица - Желино

Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН"
Бр. 02-129/1
22.02.22 год.
СКОПЈЕ

**Договор**

***за сеча со дотур на дрвни сортименти***

Склучен на ден __________ 2022 година во Скопје, помеѓу:

1. **Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" – Скопје**, ул. 11-ти Октомври бр.23А, 1000 Скопје, Р. С. Македонија, со ЕДБ: 4030005570027, жиро сметка: 300000002196407, депонент на Комерцијална банка АД Скопје, претставувано од директорот Новица Зечевиќ (во понатамошниот текст **договорен орган)** од една страна и

2. **Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги БЕОС-КОМПАНИ БТС ДООЕЛ експорт-импорт с. Палатица - Желино**, ул. 101 бр. 13 Палатица, Желино, даночен број 4050017502265, матичен број 7204833, жиро сметка број 290-000001974098, депонент на ТТК банка, претставувано од Бесмир Нуредини (во понатамошниот текст **носител на набавката**).

## *I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ*

***член 1***

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорниот орган и носителот на набавката за изведување на услуги во шума:

- сеча и дотур на огревно дрво даб и тоа:

- сеча и дотур на Дабово огревно дрво во **ШСЕ Ивање, оддел 7 „ б "**

според условите од тендерската документација и планираните количини за сеча и дотур, утврдени во оглас за доделување на договор за јавна набавка бр. 00285/2022 од 17.1.2022 и прифатената најповолна понуда на понудувачот.

***член 2***

**Носителот на набавката се обврзува да изврши сеча и дотур на дрвни сортименти произведени во вкупна (максимална) количина од 1.489 м$^3$ од кои:**

| ред. број | дел од предметот на набавката и оддел | Сеча со дотур огрев м$^3$ | един. цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | Износ на ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 3 (оддел 7 „ б ") | 1.489 | 1.287,00 | 1.916.343,00 | 345.448,00 | 2.261.791,00 |

- **сеча со дотур на огревно дрво: 1.489 м$^3$.**

Предвидените количини по делови се максимални при што договорниот орган го задржува правото да изврши промена на договорените количини предвидени во став 1 од овој член согласно укажаните потреби или непредвидени околности т.е. намалени количини на дрвна маса во делот - Одделот.

***Член 3***

Носителот на набавката треба да започне со изведување на шумарски услуги веднаш по потпишувањето на Договорот за јавна набавка и договорените услуги да ги заврши заклучно со 31.07.2022 година.

Рокот на извршување на услугите предмет на договорот е согласно динамиката за извршување на услугите – термински план, кој беше составен дел на тендерската документација и е составен дел на договорот.

## II ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**член 4**

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на овој договор е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е македонскиот јазик.

## III ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**член 5**

Носителот на набавката, согласно точка 6.4 потточка 6.4.2 од тендерската документација, има обврска да го потпише договорот за јавна набавка во рок од 10 дена од денот на добивање на договорот и истиот заедно со бараната гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот да му го врати на договорниот орган.

Доколку носителот на набавката не го потпише договорот во рокот утврден во потточка 6.4.2 од тендерската документација, договорниот орган во ЕСЈН објавува негативна референца што резултира со исклучување на предметниот понудувач од сите идни постапки за јавни набавки во период од шест месеци од денот на објавувањето. Периодот на исклучување од овој став се зголемува за дополнителни три месеци при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од една година.

## IV ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**член 6**

Услов за потпишување на Договорот со избраниот најповолен понудувач е обезбедување гаранција од страна на избраниот најповолен понудувач за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од **5 %** од вредноста на договорот.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот. Договорниот орган по извршениот избор на најповолен понудувач дополнително го утврдува крајниот датум на важност на гаранцијата. За овој предмет на набавка гаранцијата треба да е со важност од една година и 14 дена.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот, односно во денари.

Банкарската гаранцијата за квалитетно извршување на договорот избраниот најповолен понудувач ја доставува по добиеното известување за извршениот избор, а пред склучување на договорот во рок од 15 дена од добиеното известување, а пред склучување на договорот.

Банкарската гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт од точка 1.2. од тендерската документација.

Во случај на неисполнување на некоја од обврските од договорот за јавна набавка согласно договореното, договорниот орган писмено ќе го извести носителот на набавката дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот .

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

**Член 7**

Носителот на набавката е должен да се придржува кон спроведување на шумскиот ред како и да врши квалитетна изработка на дрвните сортименти согласно стандардите на договорниот орган и тоа:

- огревното дрво со пречник од 15 см нагоре задолжително да биде цепено,
- да врши квалитетно кроење и изработка на трупците согласно стандардите.
- при изработка (кроење) на трупците да се придржува да бидат изработени предвидените количини на квалитетни класи дадени во налозите од раководителот на шумскостопанската единица за секој оддел посебно.

***Член 8***

Носителот на набавката се обврзува исечените огревни дрва да ги фигурира (реди) во фигури на висина од 120 см, при што фигурата на огревното дрво да не биде помала од 1 метар.

***Член 9***

Носителот на набавката се обврзува дотурот на дрвните сортименти да го извршува со ред, да не остава недотурени дрвни сортименти и да внимава при дотурот да не го оштетува шумскиот подмладок.

***Член 10***

Носителот на набавката сите дрвни сортименти ги дотура франко камионски пат, на утврдено место, фигурирани и складирани со надмер од 10 см.

***Член 11***

При фигурирање на дрвните сортименти не смее да се блокира шумско камионскиот пат.

***Член 12***

Ризикот од пропаѓање на дрвните сортименти поради ненавремено извршен дотур паѓа на товар на носителот на набавката.

***Член 13***

За секоја пречка при тековното изведување на услугите која го доведува во прашање исполнувањето на договорните обврски носителот на набавката е должен веднаш да го извести овластеното лице на договорниот орган во писмена форма.

***Член 14***

Носителот на набавката се обврзува да ги изведува шумарските услуги, предмет на овој договор, согласно налозите на раководителот на шумско стопанската единица.

Носителот на набавката ги изведува услугите квалитетно и навремено во согласност со динамиката за извршување на услуги (термински план) потпишан од раководителот на секторот за одржливо управување со природните ресурси и е прилог на овој договор.

***Член 15***

Носителот на набавката, шумарските услуги предмет на овој договор ќе ги извршува со свои основни средства за работа и работна рака.

Извршителот на шумарските услуги е должен да обезбеди услови за работа на своите работници за квалитетно и навремено извршување на шумарските услуги.

***Член 16***

Носителот на набавката е должен при изведување на шумарските услуги да ги применува мерките за заштита при работа и пензиско и инвалидско осигурување согласно законските прописи.

Договорниот орган не одговара за било какви повреди нанесени на носителот на набавката или лица ангажирани од негова страна, како и на трети лица настанати при извршувањето на шумарските услуги и за неприменување и непочитување на Законот за работни односи и законските одредби од областа на пензиско и инвалидско осигурување.

***Член 17***

По завршувањето на шумарските услуги, предмет на овој договор, овластени претставници на двете договорни страни записнички го утврдуваат квалитетот на извршената услуга.

Доколку носителот на набавката не ги почитува позитивните законски прописи од член 58 од Законот за шуми (Сл.весник на РМ број 64/09) за одржување на шумски ред како и упатството за начинот на работа во процесот на производство во шумарството, договорниот орган може за сметка на носителот на набавката да воспостави шумски ред и истиот трошоците да ги наплати од носителот на набавката.

## V. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**член 18**

Договорниот орган се обврзува на крајот од месецот или најкасно до 5-ти во наредниот месец да изврши квалитативен и квантитативен прием на посечените или дотурените дрвни сортименти и за извршениот прием на носителот на набавката да му издаде документ – приемница за сеча или приемница за дотур.

**Член 19**

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши во рок од 15 дена од денот на доставувањето на фактура за извршени услуги за сеча и дотур на дрвни сортименти по фази, количини и издадена приемница.

## VI. ЦЕНА НА УСЛУГАТА

**член 20**

За извршените шумарски услуги носителот на набавката има право на надоместок.
Надоместокот за извршените шумарските услуги се утврдува согласно прифатената понуда од 16.2.2022 година и важечките акти на договорниот орган за висината на надоместокот и тоа:

- за сеча со дотур на огревно дрво **1.287,00 денари/м³**.

Цената на извршената работа е без пресметан ДДВ.
Вкупна вредност на договорот без пресметан ДДВ изнесува **1.916.343,00** денари, или вкупна вредност на договорот со пресметан ДДВ изнесува **2.261.791,00** денари.

**Член 21**

Изведувачот на шумарските услуги, фактурите заедно со приемниците ги доставува во ЈПУЗПП „ЈАСЕН " - Скопје, во која се изведувани шумарските услуги.

## VII. ДОГОВОРНА КАЗНА

**член 22**

За непочитување на динамиката за извршување на договорените услуги утврдена во налозите на одговорното лице на договорниот орган, носителот на набавката ќе му плати на договорниот орган договорна казна во висина од 2 ‰ од вкупната вредност на договорот за секој ден доцнење, но не повеќе од 5% од вредноста на договорот.

Наплатата на договорната казна не го ослободува носителот на набавката од одговорноста за претрпена штета кај договорниот орган.

Исто така договорните страни се согласни дека доколку носителот на набавката не ги извршува услугите навремено, покрај правото на договорна казна од став 1 на овој член, да има право да склучи договор со второрангираниот понудувач, а разликата во цената за извршените услуги утврдена со овој договор и цената на услугите од второрангираниот понудувач, да падне на товар на носителот на набавката.

**член 23**

Овој Договор може да биде раскинат доколку договорните страни не се придржуваат кон одредбите на овој Договор.

Договорниот орган има право еднострано да го раскине овој Договор доколку Носителот на набавката прекрши некоја одредба од овој Договор, а прекршувањето не го исправи во рок од 7 (седум) дена од денот на писмено предупредување од страна на Договорниот орган или во случај Носителот на набавката да не се придржува кон обврските од овој Договор.

## *VIII. ВИША СИЛА*

***член 24***

Договорниот орган и носителот на набавката се ослободуваат од одговорноста, ако по склучувањето на овој договор настапат околности од било која страна потписник на договорот кои не можеле да се предвидат, отстранат или спречат, а за што страната кај која настанале околностите е должна да ја извести другата страна.

## *IX. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

***член 25***

Овој договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете страни.
Договорот со сите одредби и цени важи една година од денот на склучување на истиот. Извршувањето на предметот на набавката ќе биде согласно динамиката за извршување на услугите –ермински план потпишан од двете страни кој е составен дел на овој договор, а за времетраење на важноста на договорот.
За правата и обврските кои не се регулирани со овој договор, а се во врска со неговото исполнување ќе се применува Законот за облигационите односи.

***Член 26***

Договорните страни може да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.
Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор може да се изменат или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.
Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија, како и Законот за јавните набавки.

***Член 27***

Сите евентуални спорови странките ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не можат да ги решат по мирен пат истите ќе се разрешат пред надлежниот суд во Скопје.

***Член 28***

Договорот е составен во 4 /четири/ еднообразни примероци од кои 2 /два/ примерока задржува договорниот орган а 2 /два/ примерока се за носителот на набавката.

**ДОГОВОРЕН ОРГАН**
ЈПУЗПП „ЈАСЕН " - Скопје
Директор
дипл. прав. Новица Зечевиќ

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА**
**Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги**
**БЕОС-КОМПАНИ БТС ДООЕЛ експорт-импорт**
**с. Палатица - Желино**
Управител
Бесмир Нуредини